**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2913/**

# З А П И С Н И К

**Од 218.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 18.05.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

**218.седницата на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.**

Седницата почна во 12.00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 217.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Барање од Главниот и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ со бр.14-2361/1.

3. Разгледување на Информација од Спортски новинари во МТВ2 со бр.14-2682/1.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 217.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 217.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Ристе Панов имаше одредени помали забелешки по однос на записникот од 217.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 217.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање со констатираните забелешки.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 217.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување на Барање од Главниот и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ со бр.14-2361/1.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац на почетокот од оваа точка го прочита пред присутните Брањето на Главниот и одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ со бр.14-2361/1.

Барањето беше разгледано од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ и по расправата беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација, какви се опструкциите и со каква некооперативност од Секторот ТВ-Техника се соочуваат во Првиот програмски сервис на МТВ при реализација и емитување на програмата.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација од Спортски новинари во МТВ2 со бр.14-2682/1.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац пред присутните ја прочита Инфомрацијата пристигната од група на Спортски новинари од МТВ2.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија посочи дека е запознает со целиот случај и дека има добиено ветување од менаџментот за изнајдување на решение за истото.

По разгледување на Информацијата со бр.14-2682/1 и расправата по истата, беше предложен следниов **Заклучок:**
●Програмскиот совет на МРТ дава поддршка на барањата на Спортските новинари во МТВ2, и се наедва дека ваквиот проблем ќе биде надминат што поскоро.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан Програмски интерес пристигнат до Програмскиот совет по пошта:
-Програмски интерес од Втор програмски сервис МТВ со бр.14-2461/1 од 02.05.2023 година.

Членот Анита Латифи посочи пред присутните членови информираше дека добива поплаки од дописниците кои работат во Вториот програмски сервис на МТВ дека сумите во договорите со кои се ангажирани се помали во однос на оние дописници кои се ангажираат во Првиот програмски сервис на МТВ.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија потврди дека имало вакви пропусти и дека во новите договори кои ги потпишаа тоа е исправено.

Членот Снежана Клинчарова пред присутните членови посочи дека има информација дека Државната комисија за спречување на корупција на ден 31.03.2023 година, донела Решение по однос на пријавата од МРТ-(Комисија за утврдување на одговорност), и предложи дека би било добро истот да го добие Програмскиот совет на МРТ на разгледување.

По расправата беше предложен следниов **Заклучок:**

● Програмскиот совет на МРТ врз основа на информацијата дека Државната комисија за спречување на корупција на ден 31.03.2023 година, донела Решение по однос на пријавата од МРТ-(Комисија за утврдување на одговорност), бара истото да биде доставено на разгледување и до Програмскиот совет на МРТ.

-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 12.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател